До:

Претседателот на Владата на Р. С. Македонија, д-р Димитар Ковачевски,

Министерот за образование и наука д-р Јетон Шаќири, и

Министерката за труд и социјална политика м-р Јована Тренчовска

Почитувани,

Повод за оваа реакција на Институтот за социологија и Здружението на социолози на РМ е изјавата на министерката за труд и социјална политика Јована Тренчевска дадена за медиумите на 17.05.2023 година во врска со препораките за безбедност во училиштата. Министерката изјавила дека во координација со министерот за образование и наука одлучиле да ги зголемат капацитетите на стручните лица кои ќе работат на превенција на насилство во основните и во средните училишта и затоа се вклучени стручните лица од Центарот – психолози, педагози, социјални работници, кои ќе работат на превенција и едукација со децата, наставниците и родителите. Во изјавата за „зајакнување на капацитетите“ министерката пропуштила да ги спомене социолозите кои се дел од тој тим согласно законот. Бидејќи и самата министерка е социолог, нејзе и е добро познато дека професионалните компетенции на социолозите, меѓу другото, се однесуваат точно и на проблематиката за која се расправа деновиве во јавноста, односно, за справување со меѓуврсничкото насилство во училиштата, како и работа со родителите и локалните заедници, во врска со решавање на проблемите. Основните професионални компетенции, според подрачја на компетенциите на стручните соработници во основните и средните училишта, се регулирани со посебен ***Правилник за основните професионални компетенции по подрачја на стручниот соработник во основните и средните училишта,*** донесен од страна на министерот за образование и наука врз основа на член 44 став (3) од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19).

Според Правилникот[1] компетенциите на социологот – стручен соработник се:

**Член 1**

Со овој правилник се утврдуваат основните професионални компетенции по подрачја на стручниот соработник во основните и средните училишта (во натамошниот текст: основните професионални компетенции).

Воспитно - образовна дејност во основното образование и средното образование ја остваруваат стручните соработници: педагог, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор, социолог, социјален работник, библиотекар и друго.

...

**социолог**

**Член 29**

Во подрачјето „Работа со ученици" за стручниот соработник социолог се опфатени две потподрачја:

- Поддршка на учениците во учењето и
- Следење и поддршка на развојот на учениците.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник социолог од потподрачјето **Поддршка на учениците во** учењето се однесуваат на познавањето на социјалните фактори кои влијаат на учењето и успехот на учениците, како и на работа со ученици кои имаат проблеми со планирањето на слободното време, со приспособувањето и однесувањето.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник социолог од

потподрачјето **Следење и поддршка на** развојот на учениците се однесуваат на знаењето и вештините за организација и реализација на воннаставните и слободните ученички активности.

**Член 30**

Во подрачјето „Работа со наставници" за стручниот соработник социолог е опфатено едно потподрачје. **Поддршка на наставниците во планирањето и реализирањето на воспитно-образовниот процес и самоевалвацијата.**

---

[1] https://mon.gov.mk/stored/document/07_Pravilnik-za-osnovni_kompetencii_strucen_sorabotnik_13_02_2020.pdf

Основните професионални компетенции на стручниот соработник социолог од потподрачјето **Поддршка на наставниците во планирањето и реализирањето на воспитно-образовниот процес и самоевалвацијата** се однесуваат на знаењата за потенцијалите и ризиците во учењето на учениците со различно социокултурно потекло, како и на вештините за помагање на наставниците при планирање и организирање на наставните и воннаставните активности, работата со општествените организации, соработката со локалната заедница, поддршката на работата на заедницата на учениците, соработката со родителите и др.

**Член 31**

Во подрачјето „Работа со родители" за стручниот соработник социолог се опфатени две потподрачја:

- Индивидуални и групни советувања и консултации со родителите и
- Вклучување на родителите во животот и работата на училипггето.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник социолог од потподрачјето **Индивидуални и групни советувања и консултации со родителите** се однесуваат на знаењата и вештините за помагање на родителите во идентификувањето, следењето и надминувањето на социопатолошки појави кај нивните деца.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник социолог од потподрачјето **Вклучување на родителите во животот и работата на училиштето** се однесуваат на заедничко преземање превентивни мерки за спречување на негативното влијание на средината врз младите и за надминување на изразените тешкотии.

**Член 32**

Во подрачјето „Соработка со заедницата" за стручниот соработник социолог е опфатено едно потподрачје Соработка со локалната заедница.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник социолог од потподрачјето Соработка **со локалната заедница** се однесуваат на знаењата за функционалните односи и конфликти на училиштето и заедницата, како и на соработката со релевантни институции за спречување на девијантните појави во училиштето.

**Член 33**

Во подрачјето „Професионален развој и професионална соработка" за стручниот соработник социолог опфатено е едно потподрачје Поддршка на професионалниот развој и соработка во училиштето.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник социолог од потподрачјето **Поддршка на професионалниот развој и соработка во училиштето** се однесуваат на познавањето на основните професионални компетенции за наставниците и на водењето документација за професионалниот развој на наставниците.

**Член34**

Во подрачјето „Аналитичко-истражувачка работа“ за стручниот соработник социолог е опфатено едно потподрачје Истражување на воспитно-образовната работа.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник социолог од потподрачјето **Истражување на воспитно-образовната работа** се однесуваат на знаењата за методологијата на социолошките истражувања во образованието и нивното користење во сопствената практика.

**Член 35**

Во подрачјето „Училишна структура, организација и клима“ за стручниот соработник социолог се опфатени две потподрачја:

- Училишна структура и организација (планирање, следење на воспитно-образовната работа, педагошка евиденција и документација, евалвација) и
- Училишна клима, безбедна средина и демократско учество.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник социолог од потподрачјето **Училишна структура и организација** се однесуваат на знаењата и вештините за следење на начинот за водење на педагошката евиденција и документација и за предлагање мерки за подобрување, како и за евидентирање и обезбедување опфат на училишните обврзници.

Основните професионални компетенции на стручниот соработник социолог од потподрачјето **Училишна клима, безбедна средина и демократско учество** се однесуваат на знаењата за важноста од вклученоста на сите ученици во образовниот процес, без разлика на нивното потекло, способности, однесување и сл.

**Член 36**

Специфичните професионални компетенции што треба да ги поседува стручниот соработник социолог од членовите 29, 30, 31, 32, 33, 34 и 35 од овој правилник се дадени во Прилог бр. 4 кој е составен дел на овој правилник.

Професионалните компетенции социолозите ги стекнуваат само преку четиригодишни додипломски студии (240 ЕКТС) со чие завршување се стекнува звањето дипломиран социолог – и се различни од професионалните компетенции на педагогот, психологот, социјалниот работник. Преферирањето на одредени профили на штета на социолозите се покажа дека не е успешно и не ги решава проблемите, особено со меѓуврсничкото насилство во образованието. Исто така, укажуваме дека „зајакнувањето на капацитетите“ не може да го заменат вработувањето на социолозите во стручните тимови во училиштата во основното и средното образование. Уште повеќе, „зајакнувањето на капацитетите“ на стручните тимови (социолози, педагози, психолози итн.) успешно може да се реализира само во институциите каде и се стекнуваат овие компетенции – на соодветните Институти на Филозофскиот факултет во Скопје, на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

18.05.2023 г.

Раководител на Институт за социологија при
Филозофскиот факултет во Скопје, и
Претседател на Здружение на социолози на
Р. Македонија - Скопје
Проф. д-р Константин Миноски